ЗЈП РУСИНО/ПОЛОГ - NPP RUSINO/POLLOG,
Сушица, Гостивар / Sushicë, Gostivar
Email: jperusinopollog@gmail.com

РУСИНО/ПОЛОГ • RUSINO/POLOG
Бр.: 0302-72/13
02-07-2025

Ndërmarrja e Përbashkët Publike
Заедничко Јавно Претпријатие
Joint Public Enterprise

Врз основа на член 45 од Законот административни службеници („Сл.весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на ЗЈП Русино/Полог, Гостивар на ден 02.07.2025 година донесе

## О Д Л У К А
## За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

Кандидатот **Генц Садини,** со идентификационен код BDED5A1 се избира за извршител на работното место **КДР0102В02059 Виш соработник за правни работи, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, во ЗЈП Русино/Полог, Гостивар**.
Именуваниот ќе биде вработен на работното од место од точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе соодветно Решение за вработување.
Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

### О б р а з л о ж е н и е

На ден 13.06.2025 година во дневните весници “Нова Македонија”, ”Вечер”, и ”Коха”, како и на веб страницата на Агенцијата за администрација е објавен јавен оглас број 348/2025 за потреба од вработување на административен службеник во ЗЈП Русино/Полог, Гостивар, за работно место **КДР0102В02059 Виш соработник за правни работи, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и човечки ресурси, во ЗЈП Русино/Полог, Гостива**.
Со Решение број 10-649/7 од 12.06.2025 година и Решение за изменување и дополнување на решение со бр 10-649/8 од 13.06.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, во функција за спроведување на постапката за вработување на административен службеник. Комисијата за селекција спроведе административна селекција согласно Записник број 10- 649/9 од 13.06.2025 година, спроведе испит за административен службеник согласно Записник број 10-1114/10 од 26.06.2025 година, спроведе и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, согласно Записник број 10-649/11 од
основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција,

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција, изготви Конечна ранг-листа и Предлог број 10-649/11 за кандидат со најголеми освоени бодови за ова работно место по Јавен оглас број 348/2025, кој во законски рок го достави до Директорот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.
Правна поука: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ЗЈП Русино/Полог, Гостивар**
**Директор,**
**Сазан Хорвати**

Доставено до:
-Кандидатот
-Агенција за администрација
-Архива